II

*(Незаконодавни акти)*

# РЕГУЛАТИВИ

**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2023/203 НА КОМИСИЈАТА**

**од 27 октомври 2023 година**

**за воспоставување на правила за примена на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот во однос на барањата за управување со ризиците врз обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност кај организациите што се опфатени со регулативите (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) 2015/340 на Комисијата, регулативите за спроведување (ЕУ) 2017/373 и (ЕУ) 2021/664 на Комисијата и за надлежните органи опфатени со регулативите (ЕУ) бр. 748/2012, (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) 2015/340 и (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата, регулативи за спроведување (ЕУ) 2017/373 и (ЕУ) 2021/664 на Комисијата и изменување и дополнување на регулативите (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) бр. 748/2012, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 139/2014, (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) 2015/340 на Комисијата и регулативите за спроведување (ЕУ) 2017/373 и (ЕУ) 2021/664 на Комисијата**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено од членовите 17(1) точка (б), 27(1) точка (а), 31(1) точка(б), 43(1) точка (б), 53(1) точка (а) и 62(15) точка (в) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Во согласност со суштинските барања дадени во Анекс II, точка 3.1(б), кон Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139, организациите за управување со континуираната пловидбеност и организациите за одржување мора да применуваат и одржуваат систем за управување со ризиците по безбедноста.

(2) Дополнително, во согласност со суштинските барања дадени во точката 3.3(б) и точката 5(б) од Анекс IV кон Регулативата (ЕУ) 2018/1139, организациите за обука на пилоти,

---

[1] Сл. весник. L 212, 22.8.2018 год., стр. 1.

организациите за обука на кабинскиот персонал, центрите за воздухопловна медицина за воздухопловниот екипаж и операторите на уредите за обука на симулатор на лет мора да применуваат и одржуваат систем за управување со ризиците по безбедноста.

(3) Дополнително, во согласност со суштинските барања од точка 8.1.(в) од Анекс V кон Регулативата (ЕУ) 2018/1139, воздухопловните операторите мора да применуваат и одржуваат систем за управување со ризиците по безбедноста.

(4) Понатаму, во согласност со суштинските барања од точка 5.1.(в) и точка 5.4.(б) од Анекс VIII кон Регулативата (ЕУ) 2018/1139 управувањето со воздушниот сообраќај и давателите на услуги за воздухопловна навигација, давателите на U-space услугите и единствените даватели на заеднички услуги за информирање, и организациите за обука и воздухопловните медицински центри за контролорите на летање мора да го применуваат и одржуваат системот за управување со ризиците по безбедноста.

(5) Тие ризиците по безбедноста може да произлезат од различни извори, како што се недостатоците во проектот и одржувањето, аспектите на човечките перформанси, заканите по животната средина и заканите врз обезбедувањето на информациите. Затоа, системите за управување што ги применува Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството („Агенцијата“) и националните компетентни власти и организации споменати во рециталите погоре треба да ги земат предвид не само ризици по безбедноста што произлегуваат од произволни настани, туку и ризици по безбедноста што произлегуваат од заканите врз обезбедувањето на информациите кога постоечките недостатоци може да се искористат од поединци во злонамерни цели. Овие ризици по обезбедувањето на информациите постојано се зголемуваат во опкружувањето на цивилното воздухопловство, поради тоа што постоечките системи за информирање стануваат сè по поврзани и почеста мета на злонамерни актери.

(6) Ризиците поврзани со овие системи за информирање не се ограничени на можните напади на сајбер просторот, туку ги вклучуваат и заканите што можат да влијаат врз процесите и процедурите и врз човековата ефикасност.

(7) Голем број на организации веќе ги користат меѓународни стандарди, како што е ISO 27001, за решавање на прашањето поврзано со обезбедувањето на дигиталните информации и податоците. Овие стандарди можеби нема да можат целосно да ги покријат сите особености на цивилното воздухопловство. Затоа, соодветно е да се воспостават барања за управување со ризиците по обезбедувањето на информациите што би можеле да влијаат врз безбедноста во воздухопловството.

(8) Од клучно значење е овие барања да ги покриваат сите области на воздухопловството и нивните меѓусебни комуникации, бидејќи воздухопловството е систем на високо меѓусебно поврзани системи. Затоа, тие треба да се однесуваат на сите организации и надлежни органи опфатени со регулативите (ЕУ) бр. 748/2012 ([2]), (ЕУ) бр. 1321/2014 ([3]),

---

(2) Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 на Комисијата од 3 август 2012 година за утврдување на правила за спроведување за издавање на уверение за пловидбеност и заштита на животната средина и за воздухоплови и сродни производи, делови и уреди за пловидбеност, како и за издавање на уверение на проектантски и производствени организации (Сл. весник. L 224, 21.8.2012 година, стр. 1).

(3) Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 на Комисијата од 26 ноември 2014 година за континуирана пловидбеност на воздухоплови и воздухопловни производи, делови и уреди, и за одобрување на организации и персонал вклучен во овие задачи (Сл. весник. L 362, 17.12.2014 година, стр. 1).

(ЕУ) бр. 965/2012 ([4]), (ЕУ) бр. 1178/2011 ([5]), (ЕУ) 2015/340 ([6]), (ЕУ) бр. 139/2014 ([7]) на Комисијата и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/664 ([8]) на Комисијата, вклучувајќи ги и оние кои веќе мора да имаат систем за управување во согласност со постојното законодавство на Унијата за безбедност во воздухопловството. Сепак, некои организации треба да бидат изземени од опсегот на оваа регулатива со цел да се обезбеди соодветна пропорционалност со пониското ниво на ризиците по обезбедувањето на информациите на воздухопловниот систем.

(9) Барањата утврдени во оваа регулатива треба да гарантираат доследна примена во сите области на воздухопловството, истовремено создавајќи минимално влијание врз законодавството на Унијата за безбедноста во воздухопловството што веќе се применува во тие области.

(10) Барањата утврдени во оваа регулатива не треба да ги доведат во прашање барањата поврзани со обезбедувањето на информациите и сајбер обезбедувањето утврдени во точка 1.7 од Анексот на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2015/1998([9]) на Комисијата и член 14 од Директивата (ЕУ) 2016/1148 на Европскиот парламент и Советот([10]).

(11) Барањата за обезбедување утврдени во членовите 33 до 43 од Поглавјето V „Обезбедување на програмата“ од Регулативата (ЕУ) 2021/696 на Европскиот парламент и на Советот ([11]) се сметаат за еквивалентни на барањата утврдени во оваа регулатива, освен оние од точката IS.I.OR.230 од Анекс II од оваа регулатива, со што треба да се почитува.

(12) Со цел да се обезбеди правна сигурност, толкувањето на терминот „обезбедување на информации“, како што е дефинирано во оваа Регулатива, во согласност со вообичаената употреба во цивилното воздухопловство во светот, треба да се смета дека е во согласност

---

([4]) Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата од 5 октомври 2012 година за утврдување на техничките барања и административните постапки во врска со воздушните операции во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник. L 296, 25.10.2012 година, стр. 1).

([5]) Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата од 3 ноември 2011 година, за утврдување на техничките услови и административни постапки во врска со членовите на екипаж во цивилното воздухопловство согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник бр. L 311, 25.11.2011 година, стр. 1).

([6]) Регулатива (ЕУ) 2015/340 на Комисијата од 20 февруари 2015 година за утврдување на технички услови и административни постапки коишто се однесуваат на дозволите и уверенијата на контролорите на летање согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот, за изменување на Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата и за укинување на Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 на Комисијата (Сл. весник L 63,6.3.2015год., стр.1).

([7]) Регулатива (ЕУ) БР. 139/2014 на Комисијата од 12 февруари 2014 година за утврдување на условите и управните постапки во врска со аеродромите во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 44, 14.2.2014год., стр.1).

([8]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2021/664 на Комисијата од 22 април 2021 година за регулаторна рамка за U-space (Сл. весник L 139, 23.4.2021 год., стр. 161).

([9]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2015/1998 на Комисијата од 5 ноември 2015 година, за утврдување на деталните мерки за спроведување на заедничките основни стандарди за обезбедувањето во цивилното воздухопловството (Сл. весник бр. L 299, 14.11.2015 год., стр 1).

([10]) Директива (ЕУ) 2016/1148 на Европскиот парламент и на Советот од 6 јули 2016 година за мерки за високо заедничко ниво на обезбедување на мрежните и информациските системи низ Унијата (Сл. весник бр. L 97, 19.7.2016 год., стр. 1).

([11]) Регулатива (ЕУ) 2021/696 на Европскиот парламент и на Советот од 28 април 2021 година за основање на Вселенската програма на Унијата и за основање на Агенцијата на Европската унија за вселенска програма и за укинување на регулативите (ЕУ) бр. 912/2010, (ЕУ) бр. 1285/2013 и (ЕУ) бр. 377/2014 и Одлуката бр. 541/2014/ЕУ (Сл. весник бр. L 170, 12.5.2021 год, стр. 69).

со толкувањето на терминот „обезбедување на мрежните и информациските системи“ како што е дефинирано во член 4(2) од Директивата (ЕУ) 2016/1148. Дефиницијата за обезбедување на информациите што се користи за целите на оваа регулатива не треба да се толкува како различна од дефиницијата за обезбедување на мрежните и информациските системи утврдена во Директивата (ЕУ) 2016/1148.

(13) Со цел да се избегне дуплирање на законските барања, доколку организациите опфатени со оваа регулатива веќе подлежат на барањата за обезбедување што произлегуваат од други акти на Унијата наведени во рециталите (10) и (11) што се еквивалентни во силата на одредбите утврдени во оваа регулатива, усогласеноста со овие барања за обезбедување треба да се земат предвид во согласност со барањата наведени во оваа регулатива.

(14) Организациите опфатени со оваа регулатива што веќе подлежат на барањата за обезбедување што произлегуваат од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2015/1998 или Регулативата (ЕУ) 2021/696, или и од двете, исто така, треба да ги исполнуваат барањата од Анекс II (Дел IS.I.OR.230 „План за известување за надворешно обезбедување на информациите“) од оваа регулатива бидејќи ниту една регулатива не содржи одредби поврзани со надворешно известување за инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите.

(15) Заради комплетност, регулативите (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) бр. 748/2012, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 139/2014, (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) 2015/340 и Регулативи за спроведување (ЕУ) 2017/373 ([12]) и (ЕУ) 2021/664 треба да се изменат и дополнат со цел да се воведат барањата за системот за управување со обезбедувањето на информациите пропишани со оваа регулатива заедно со системите за управување содржани во него утврдени и со цел да се утврдат барањата за надлежните органи поврзани со надзорот на организациите кои ги спроведуваат горенаведените барања за управување со обезбедувањето на информациите.

(16) Со цел на организациите да им се даде доволно време да се прилагодат на новите правила и процедури, оваа регулатива треба да почне да се применува по 3 години од датумот на влегување во сила, освен од страна на давателите на услуги за воздухопловната навигација од Европскиот геостационарен систем за навигација (EGNOS) што се дефинирани во Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373, кај кои поради актуелното обезбедување на акредитација на системот и услугите на EGNOS, во согласност со Регулативата (ЕУ) 2021/696, треба да започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

(17) Барањата утврдени со оваа регулатива се засноваат на Мислење бр. 03/2021([13]), издадено од Агенцијата во согласност со член 75(2) точките (б) и (в) и член 76(1) од Регулативата (ЕУ) 2018/1139.

---

(12) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2017/373 на Комисијата од 1 март 2017 година за утврдување на заеднички услови за даватели на услуги за управување со воздушниот сообраќај/даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај и за нивниот надзор, и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 482/2008 и регулативите за спроведување (ЕУ) бр. 1034/2011, (ЕУ) бр. 1035/2011 и (ЕУ) бр. 2016/1377 и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 677/2011, (Сл. весник бр. L 62, 8.3.2017 година, стр. 1.).

(13) https://www.easa.europa.eu/document-library/opinions

(18) Барањата утврдени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот за примена на заедничките безбедносни правила во областа на цивилното воздухопловство утврдени со член 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

**Предмет**

Оваа регулатива ги утврдува барањата што треба да ги исполнат организациите и надлежните органи со цел:

(а) да се идентификуваат и управуваат ризиците врз обезбедување на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста, а тоа би можело да влијае врз системите и податоците за информатичка и комуникациска технологија што се користат во цивилното воздухопловство,

(б) за да се откријат настани за обезбедување на информациите и да се идентификува инциденти што се сметаат за поврзани со обезбедувањето на информациите, а што би можеле да влијаат врз воздухопловната безбедноста,

(в) да реагираат и да закрепнат од тие инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите.

*Член 2*

**Поле на примена**

1. Оваа регулатива се применува кај следниве организации:

   (а) организации за одржување што се предмет на Дел А од Анекс II (Дел-145) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014, освен за оние што се исклучиво вклучени во одржување на воздухоплови во согласност со Анекс Vб (Дел-ML) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014;

   (б) организации за управување со континуирана пловидбеност (CAMOs) што се предмет на Дел А од Анекс Vв (Дел-CAMO) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014, освен за оние што се исклучиво вклучени во управувањето со континуираната пловидбеност на воздухопловите во согласност со Анекс Vб (Дел-ML) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014;

   (в) оператори на воздухоплови кои се предмет на Анекс III (Дел-ORO) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012, освен за оние кои се исклучиво вклучени во работењето на кој било од следниве типови на воздухоплови:

      (i) воздухоплови ELA 2 како што е дефинирано во член 1(2), точка (s) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012;

      (ii) едно-моторни авиони на клипен погон со максимална оперативна конфигурација на патнички седишта од пет или помалку што не се класифицирани како комплексни воздухоплови на моторен погон, а полетуваат и слетуваат од ист аеродром или оперативно место и се управувани преку ден според правилата на визуелно летање (VFR);

(iii) едно-моторен хеликоптери со максимална оперативна конфигурација на патнички седишта од пет или помалку што не се класифицирани како комплексни воздухоплови на моторен погон, а полетуваат и слетуваат од истиот аеродром или оперативно место и се управувани преку ден според правилата на визуелно летање (VFR).

(г) одобрени организации за обука (ATOs) што се предмет на Анекс VII (Дел-ORA) од Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011, освен оние што се исклучиво вклучени во обука за воздухоплови ELA 2 како што е дефинирано во член 1(2), точка (s) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012 или што се исклучиво вклучени во теоретска обука;

(д) центри за воздухопловна медицина за екипаж на воздухоплов предмет на Анекс VII (Дел-ORA) од Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011;

(ѓ) оператори на уреди за обука кој симулира лет (FSTDs) кои се предмет на Анекс VII (Дел-ORA) од Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011, освен за оние кои се исклучиво вклучени во работењето на FSTD за воздухоплови ELA 2 како што е дефинирано во член 1(2), точка (s) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012;

(е) организации за обука на контролори на летање (ATCO TOs) и центри за воздухопловна медицина за контролори на лет предмет на Анекс III (Дел-ATCO.OR) од Регулативата (ЕУ) 2015/340;

(ж) организации што се предмет на Анекс III (Дел-ATM/ANS.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373, освен за следниве даватели на услуги:

(i) даватели на услуги за воздухопловна навигација кои имаат ограничено уверение за работа во согласност со точка ATM/ANS.OR.A.010 од тој Анекс;

(ii) даватели на услуги за воздухопловно информирање кои даваат изјава за нивните активности во согласност со точка ATM/ANS.OR. A.015 од тој Анекс;

(iii) давателите на U-space услугите и единствените даватели на заеднички услуги за информирање кои се предмет на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/664.

2. Оваа регулатива се применува врз надлежните органи, вклучително и врз Агенцијата на Европската Унија за безбедност во воздухопловството („Агенција“), наведена во член 6 од оваа регулатива и член 5 од Делегираната Регулатива (ЕУ) 2022/1645 ([14]) на Комисијата.

3. Оваа регулатива се применува и на надлежниот орган одговорен за издавање, продолжување, менување, привремено или трајно одземање на дозволите за одржување на воздухоплови во согласност со Анекс III (Дел-66) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014.

4. Оваа регулатива не ги доведува во прашање барањата поврзани со обезбедувањето на информациите и сајбер обезбедувањето утврдени во точка 1.7 од Анексот од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2015/1998 и член 14 од Директивата (ЕУ) 2016/1148.

---

([14]) Делегирана Регулатива (ЕУ) 2022/1645 на Комисијата од 14 јули 2022 година за воспоставување на правила за примена на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот во однос на барањата за управување со ризиците врз обезбедувањето на информациите што можат да влијаат на воздухопловната безбедност кај организациите што се опфатени со регулативите (ЕУ) бр. 748/2012 и (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата и за оние што ги изменуваат и дополнуваат регулативите (ЕУ) бр. 748/2012 и (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата (Сл. весник бр. L 248, 26.9.2022 год, стр. 18.).

*Член 3*

**Дефиниции**

За целите на оваа регулатива, се применуваат следните дефиниции:

(1) „обезбедување на информации (*information security)*“ е заштита на доверливоста, интегритетот, автентичноста и достапноста на мрежните и информациските системи;

(2) „настан на обезбедување на информации (*information security event)*“ е идентификуван настан кај систем, услуга или мрежа што укажува на можно прекршување на политиката за обезбедување на информации или отказ на контролите за обезбедување на информациите, или од претходно непозната ситуација што може да биде релевантна за обезбедувањето на информациите;

(3) „инцидент (*incident*) е секој настан кој има негативен ефект врз обезбедувањето на мрежните и информациските системи како што е дефинирано во член 4(7) од Директивата (ЕУ) 2016/1148;

(4) „ризик врз обезбедувањето на информациите (*information security risk)*“ е ризикот кој се однесува на операциите во цивилното воздухопловство, имотот, поединците и другите организации во случај на обезбедувањето на информациите. Ризиците врз обезбедувањето на информациите се поврзани со можноста дека заканите би го искористиле пропустот на информациските средство или на група од информациски средства;

(5) „закана (*threat*)“ е можност за нарушување на обезбедувањето на информациите што постои кога има предмет, околност, акција или настан што може да предизвика штета;

(6) „пропусти (*vulnerability*)“ е недостаток или слаба точка кај средството или системот, процедурите, проектот, имплементацијата, или кај мерките за обезбедување на информациите што можат да се искористат и да доведат до прекршување на политиката за обезбедување на информациите.

*Член 4*

**Барања кои произлегуваат од организациите и од надлежните органи на Унијата**

1. Организациите наведени во член 2(1) мора да ги исполнуваат барањата од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од оваа регулатива.
2. Надлежните органи наведени во член 2(2) и (3) мора да ги исполнуваат барањата од Анекс I (Дел-IS.AR) од оваа регулатива.

*Член 5*

**Барања кои произлегуваат од други акти на Унијата**

1. Доколку организацијата наведена во член 2(1) ги исполнува барањата за обезбедување утврдени во согласност со член 14 од Директивата (ЕУ) 2016/1148 што се еквивалентни на барањата утврдени во оваа регулатива, усогласеноста со тие барања за обезбедување се смета за усогласеност со барањата утврдени во оваа регулатива.

2. Доколку организацијата наведена во член 2(1) е оператор или субјект од националните програми за обезбедување во цивилното воздухопловство на земјите-членки утврдени во согласност со член 10 од Регулативата (ЕЗ) бр. 300/2008 на Европскиот парламент и Советот ([15]), барањата за сајбер обезбедување од точка 1.7. од Анексот на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2015/1998 се сметаат за еквивалентни на барањата утврдени во оваа регулатива, освен од точката IS.I.OR.230 од Анексот II на оваа регулатива, со кои што мора да постои усогласеност како таква.

3. Доколку организацијата наведена во член 2(1) е давател на услуги за воздушната навигација на Европскиот геостационарен систем за навигација (EGNOS) од Регулативата (ЕУ) 2021/696, барањата за обезбедување што се содржат во членовите 33 до 43 од Поглавје V од таа регулатива се сметаат за еквивалентни на барањата утврдени во оваа регулатива, освен точката IS.I.230 од Анекс II од оваа регулатива, со кои што мора да постои усогласеност како таква.

4. По консултација со Агенцијата и групата за соработка наведена во член 11 од Директивата (ЕУ) 2016/1148, Комисијата може да издаде упатства за проценка на еквивалентноста на барањата утврдени во оваа регулатива и во Директивата (ЕУ) 2016/1148.

*Член 6*

**Надлежен орган**

1. Без да се во спротивност со задачите што му се доверени на Комитетот за безбедносна акредитација (SAB) од член 36 од Регулативата (ЕУ) 2021/696, органот што е одговорен за издавање на уверенија за работа и следење на усогласеноста со оваа регулатива е:

   (а) во однос на организациите наведени во член 2(1) точката (а), надлежниот орган назначен во согласност со Анекс II (Дел-145) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014;

   (б) во однос на организациите наведени во член 2(1) точката (б), надлежниот орган назначен во согласност со Анекс Vв (Дел-CAMO) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014;

   (в) во однос на организациите наведени во член 2(1) точката (в), надлежниот орган назначен во согласност со Анекс III (Дел-ORO) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012;

   (г) во однос на организациите наведени во член 2(1) точките од (г) до (ѓ), надлежниот орган назначен во согласност со Анекс VII (Дел-ORO) од Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011;

   (д) во однос на организациите наведени во член 2(1) точката (е), надлежниот орган назначен во согласност со член 6(2) од Регулативата (ЕУ) 2015/340;

   (ѓ) во однос на организациите наведени во член 2(1) точката (ж), надлежниот орган назначен во согласност со член 4(1) од Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2017/373;

   (е) во однос на организациите наведени во член 2(1) точката (з), надлежниот орган назначен во согласност со член 14(1) или 14(2), зависно од примената, од Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2021/664;

---

(15) Регулатива (ЕЗ) бр. 300/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 11 март 2008 година за заеднички правила во областа на обезбедувањето на цивилното воздухопловство и за укинување на Регулатива (ЕЗ) бр. 2320/2002 (Сл. весник L 97, 9.4.2008 год., стр. 72.)

2. За целите на оваа регулатива, земјите-членки можат да назначат независен и самостоен ентитет за извршување на доделената улога и одговорностите на надлежните органи наведени во став 1. Во тој случај, мерките за координација се воспоставуваат помеѓу тој ентитет и надлежните органи, како што е наведено во став 1, со цел да се обезбеди ефективен надзор над сите барања што организацијата мора да ги исполни.
3. Агенцијата мора целосно да соработува со Агенцијата за вселенска програма на Европската унија (EUSPA) и Комитетот за акредитација за безбедност наведен во член 36 од Регулативата (ЕУ) 2021/696 во согласност со важечките правила за тајност, заштита на лични податоци и заштита на доверливи информации со цел да се обезбеди ефективен надзор на барањата што се применуваат на давателот на услуги за воздухопловна навигација од EGNOS.

*Член 7*

**Доставување на релевантни информации до надлежните органи за NIS**

Врз основа на оваа регулатива, надлежните органи без непотребно одлагање ја информираат единствената точка за контакт утврдена во согласност со член 8 од Директивата (ЕУ) 2016/1148 за сите релевантни информации вклучени во известувањата дадени во согласност точка IS.I.OR.230 од Анекс II од оваа регулатива и точка IS.D.OR.230 од Анекс I од Делегираната Регулативата (ЕУ) 2022/1645 од операторите на клучните услуги наведени во член 5 од Директива (ЕУ) 2016/ 1148.

Член 8

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011**

Анексите VI (Дел-ARA) и VII (Дел-ORA) од Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011 се изменува и дополнува во согласност со Анекс III од оваа регулатива.

Член 9

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012**

Анекс I (Дел 21) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012 се изменува и дополнува во согласност со Анекс IV од оваа регулатива.

Член 10

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012**

Анексите III (Дел-ARO) и III (Дел-ORO) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 се изменува и дополнува во согласност со Анекс V од оваа регулатива.

Член 11

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014**

Анекс II (Дел-ADR.AR) од Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014 се изменува и дополнува во согласност со Анекс VI од оваа регулатива.

Член 12

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014**

Анексите II (Дел-145), III (Дел-66) и Vв (Дел-CAMO) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 се изменува и дополнува во согласност со Анекс VII од оваа регулатива.

Член 13

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) 2015/340**

Анексите II (Дел ATCO.AR) и III (Дел ATCO.OR) од Регулативата (ЕУ) 2015/340 се изменува и дополнува во согласност со Анекс VIII од оваа регулатива.

Член 14

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) 2017/373**

Анексите II (Дел-ATM/ANS.AR) и III (Дел-ATM/ANS.OR) од Регулативата (ЕУ) 2017/373 се изменува и дополнува во согласност со Анекс IX од оваа регулатива.

Член 15

**Измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) 2021/664**

Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/664 се изменува и дополнува како што следува:

(1) во член 15(1), точката (ѓ) се заменува со следново:

„(ѓ) спроведува и одржува систем за управување со обезбедувањето во согласност со точка ATM/ANS.OR.D.010 во Поддел Г од Анекс III. Регулатива за спроведување (ЕУ) 2017/373 и системот за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.";

(2) во членот 1, се додава следнава точка (з):

„(з) воспостави, спроведува и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.“.

*Член 16*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Се применува од 22 февруари 2026 година.

Меѓутоа, што се однесува во случај на давателот на услуги за воздухопловна навигација од EGNOS кој е предмет на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 исиот се применува од 1 јануари 2026 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 27 октомври 2022 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

-----------

*АНЕКС I*

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ – БАРАЊА НА ОРГАНОТ**

**[ДЕЛ-IS.AR]**


IS.AR.100 Поле на примена

IS.AR.200 План за управување со обезбедувањето на информациите (ISMS)

IS.AR.205 Проценка на ризик врз обезбедување на информациите

IS.AR.210 Справување со ризиците врз обезбедувањето на информациите

IS.AR.215 Инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите - откривање, одговор и обновување

IS.AR.220 Договорни активности за управување со обезбедувањето на информациите

IS.AR.225 Услови за персоналот

IS.AR.230 Водење евиденција

IS.AR.235 Континуирано подобрување


**IS.AR.100 Поле на примена**

Во овој дел се утврдуваат барањата што мора да ги исполнуваат организациите од член 2 на оваа уредба.

Барањата што овие надлежни органи мора да ги исполнуваат при вршење на работите на издавање на уверение за работа, надзор и обезбедување на спроведување на прописите се наведени во регулативите од член 2(1) од оваа регулатива и во член 2 од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645.

**IS.AR.200 План за управување со обезбедувањето на информациите (ISMS)**

(a) Со цел да се постигнат целите дадени во член 1, надлежниот орган поставува, имплементира и одржува план за управување со обезбедувањето на информациите (ISMS) со што гарантира дека организацијата:

(1) воспоставува политика за обезбедување на информации со што ги утврдува општите принципи на надлежниот орган во однос на можното влијание на ризиците врз обезбедување на информациите во воздухопловната безбедност;

(2) идентификува и разгледува ризици врз обезбедувањето на информациите во согласност со точката IS.AR.205;

(3) дефинира и спроведува мерки за постапување со ризикот врз обезбедувањето на информациите во согласност со точка IS.AR.210;

(4) во согласност со точката IS.AR.215 дефинира и спроведува мерките неопходни за откривање на настани поврзани со обезбедувањето на информациите, идентификување на настани кои се сметаат за инциденти што можат да влијаат на воздухопловната безбедност, и како одговор на тоа, и закрепнување од тие инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите;

(5) исполнува барања од точката IS.AR.220 при доделување договори за какви било други активности кои се наведени во точката IS.AR.200 кон други организации;

(6) исполнува кадровските барања наведени во точка IS.AR.225;

(7) исполнува барања поврзани со водење на евиденција наведени во точка IS.AR.230;

(8) следи усогласеноста на организацијата со барањата од оваа регулатива и дава повратни информации за наодите до лицето кое се споменува во точката IS.AR.225(а) а сè со цел обезбедување на ефикасно спроведување на корективните мерки;

(9) ја штити доверливоста на сите информации што ги поседува надлежниот орган во однос на организациите што ги надгледува и информациите добиени преку системот за надворешно известување на организациите основан согласно точка IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел IS.I.OR) од оваа регулатива и точката IS.D.OR.230 од Анексот (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645;

(10) ја известува Агенцијата за промените кои влијаат на способноста на надлежниот орган да ги извршува своите задачи и да ги исполнува своите одговорности дефинирани во оваа регулатива;

(11) дефинира и имплементира процедури за споделување, како што е соодветно на практичен и навремен начин, неопходни информациите, што можат да влијаат на воздухопловната безбедност, освен за оние што се дозволени според точката IS.D.OR.205 (д), и како одговор на тоа, и закрепнување од тие инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите;

(12) дефинира и спроведува процедури за соодветно, практично и навремено споделување на неопходни информации за да им помогне на другите надлежни органи и агенции и организации кои се предмет на оваа регулатива во спроведувањето на ефективни проценки на ризиците по безбедноста поврзани со нивните активности.

(б) Сè со цел непречено исполнување на барањата од член 1, надлежниот орган спроведува процес на континуирано подобрување согласно точката IS.AR.235.

(в) Надлежниот орган ги документира сите клучни процеси, процедури, улоги и одговорности неопходни за усогласување со точката IS.AR.200(а) и воспоставува постапка за измена и дополнување на таа документација.

(г) Процесите, процедурите, улогите и одговорностите воспоставени од страна на надлежниот орган, а сè со цел усогласување со IS.AR.200(а), се соодветни на природата и сложеноста на нејзините активности, врз основа на проценка на ризиците врз обезбедувањето на информациите својствени за тие активности, и може да се интегрираат во другите постоечки системи за управување кои надлежниот орган веќе ги применува.

**IS.AR.205 Проценка на ризик врз обезбедување на информациите**

(а) Надлежниот орган е должен да ги идентификува сите елементи на својата организација што би можеле да бидат изложени на ризици врз обезбедување на информациите. Тоа вклучува:

(1) активности, капацитети и ресурси на надлежниот орган, и услуги кои надлежниот орган ги обезбедува, дава, прима или одржува;

(2) опрема, системи, податоци и информации што придонесуваат за функционирање на елементите наведени во точката (1).

(б) Надлежниот орган мора да ги идентификува поврзувањата што ги има во својата организација кои би можеле да доведат до взаемна изложеност на ризиците врз обезбедување на информациите.

(в) За елементите и поврзувањата наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган мора да ги идентификува ризиците врз обезбедување на информациите што би можеле да влијаат врз воздухопловната безбедност.

За секој идентификуван ризик, надлежниот орган е должен да:

(1) го одреди нивото на ризик во согласност со однапред дефинираната класификација утврдена од надлежниот орган;

(2) го поврзе секој ризик и неговото ниво со соодветниот елемент или поврзаност идентификуван во согласност со точките (а) и (б).

Во однапред дефинираната класификација од точката (1) се зема предвид можноста за појава на сценарио за закана и сериозноста на нејзините последици по безбедноста. Преку оваа класификација и земајќи предвид дали надлежниот орган има структурирана и повторлива процедура за управување со ризик за операции, надлежниот орган може да утврди дали ризикот е прифатлив или треба да се постапува со него во согласност со точката IS.AR.210.

Со цел да се олесни меѓусебната споредливост на проценките на ризикот, при определувањето на нивото на ризик во согласност со точката (1), се земаат предвид релевантните информации собрани во координација со организациите наведени во точката (б).

(г) Надлежниот орган ја прегледува и ажурира проценката од ризикот спроведена во согласност со точките (а), (б) и (в) во која било од следниве случаи:

(1) постои промена во елементите што се изложени на ризици врз обезбедување на информациите;

(2) постои промена во меѓусебната врска помеѓу организацијата на надлежниот орган и другите организации или во ризиците соопштени од други организации;

(3) постои промена во информациите или знаењата што се користат за идентификација, анализа и класификација на ризикот;

(4) постојат извлечени поуки врз основа на анализа на инцидентите поврзани со обезбедувањето на информациите.

**IS.AR.210 Справување со ризиците врз обезбедување на информациите**

(а) Надлежниот орган подготвува мерки за елиминирање на неприфатливите ризици идентификувани во согласност со точката IS.AR.205, ги спроведува навремено и ја потврдува нивната континуирана ефективност. Овие мерки му овозможуваат на надлежниот орган да ги:

(1) контролира околностите што придонесуваат за вистинското појавување на сценариото за закана;

(2) ублажува последиците за воздухопловната безбедност поврзани со појавата на сценарио за закана;

(3) избегнува ризици.

Овие мерки не смеат да внесат нови неприфатливи ризици по воздухопловната безбедност.

(б) Лицето наведено во точка IS.AR.240(а) и останатиот вклучен персонал од надлежниот орган се информирани за исходот од проценката на ризикот спроведена во согласност со точка IS.AR.205, за соодветните сценарија за закана и за мерките што треба да се спроведат.

Надлежниот орган ги информира и организациите со кои има соработка во согласност со точката IS.AR.205(б) за сите ризици што се помеѓу надлежниот орган и организацијата.

**IS.AR.215 Инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите - откривање, одговор и обновување**

(а) Врз основа на резултатите од проценката на ризикот спроведена во согласност со точката IS.AR.205 и резултатите од управувањето со ризик спроведено во согласност со точката IS.AR.210, надлежниот орган спроведува мерки за откривање на инциденти и пропусти што укажуваат на можната појава на неприфатливи ризици и што би можеле да влијаат врз воздухопловната безбедност. Овие мерки за откривање ѝ овозможуваат на надлежниот орган да ги:

(1) идентификува отстапувањата од претходно утврдените основни вредности на перформансите;

(2) активира предупредувањата за примена на соодветни мерки за одговор, во случај на какво било отстапување.

(б) Надлежниот орган имплементира мерки за одговор на сите состојби на настанот идентификувани во точката (а) што можат да придонесат или да придонеле да се појави инцидент поврзан со обезбедувањето на информациите. Овие мерки за одговор ѝ овозможуваат на надлежниот орган да:

(1) иницира реакција на својата организација за предупредувањата од точката (а)(2) со активирање на однапред дефинирани ресурси и процедури;

(2) го ограничи ширење на нападот и избегнување на целосна реализација на сценариото за закана;

(3) контролира распоред на засегнатите елементи дефинирани во точката IS.AR.205(а).

(в) Надлежниот орган спроведува мерки насочени кон закрепнување од инцидентите поврзани со обезбедувањето на информациите, вклучително и итни мерки, доколку е потребно. Овие мерки за закрепнување ѝ овозможуваат на надлежниот орган да:

(1) отстрани или ограничи на прифатливо ниво услови што го предизвикале инцидентот;

(2) постигне безбедна состојба на засегнатите елементи дефинирани во точката IS.AR.205(а) во рамките на времето за закрепнување што претходно го определила сопствената организацијата.

**IS.AR.220 Договорни активности за управување со обезбедувањето на информациите**

Надлежниот орган гарантира дека при склучување договор за кој било дел од активностите од точката IS.AR.200 со други организации, договорените активности се во согласност со барањата на оваа регулатива и дека организацијата со која е склучен договорот работи под нејзин надзор. Надлежниот орган гарантира соодветно управување со ризиците поврзани со договорените активности.

**IS.AR.225 Услови за персоналот**

Надлежниот орган:

(а) мора да има лице кое има овластување да воспоставува и одржува организациски структури, политики, процеси и процедури неопходни за спроведување на оваа регулатива.

Таа личност:

(1) мора да има овластување за целосен пристап до ресурсите што му се потребни на надлежниот орган за извршување на сите задачи во согласност со оваа регулатива;

(2) мора да има делегирани овластувања неопходни за извршување на доделените должности;

(б) мора да има воспоставена процедура за да гарантира дека има доволно персонал за извршување на активностите опфатени со овој анекс.

(в) мора да има воспоставено процедура за да гарантира дека персоналот наведен во точката (б) ја има потребната експертиза за извршување на своите задачи.

(г) мора да има воспоставена процедура за да гарантира дека персоналот е свесен за одговорностите поврзани со нивните доделени улоги и задачи.

(д) гарантира дека идентитетот и доверливоста на персоналот кој има пристап до информатичките системи и податоците кои се предмет на барањата на оваа регулатива се соодветно утврдени.

**IS.AR.230 Водење евиденција**

(а) Надлежниот орган води евиденција за своите активности поврзани со управувањето со обезбедувањето на информациите.

(1) Надлежниот орган гарантира архивирање и следливост на следнава евиденција:

(i) договори за активности од точката IS.AR.200(а)(5);

(ii) евиденција на клучните постапки од точката IS.AR.200(г);

(iii) евиденција за ризиците утврдени во проценката на ризикот од точка IS.AR.205 и соодветните мерки за справување со ризиците од точка IS.AR.210;

(iv) евиденција за настани поврзани со обезбедување на информациите што можеби ќе треба да се преиспитаат за да се откријат неоткриени инциденти или пропусти поврзани со обезбедување на информациите.

(2) Евиденцијата наведена во точката (1)(i) се чува најмалку 5 години откако договорот ќе престане да важи.

(3) Евиденција од точката (1)(ii) и (iii) се чува најмалку 5 години.

(4) Евиденција од точка (1)(vi) се чува се додека овие настани поврзани со обезбедување на информациите не се повторно проценети во согласност со фреквенцијата дефинирана во постапката што е утврдена од страна на надлежниот орган.

(б) Надлежниот орган води евиденција за квалификациите и искуството на сопствениот персонал вклучен во активностите за управување со обезбедувањето на информациите.

(1) Евиденцијата за квалификациите и искуството на персоналот се чува се додека лицето работи во надлежниот орган, а најмалку три години откако лицето ќе го напушти надлежниот орган.

(2) На членовите на персоналот, на нивно барање, им се дава пристап до нивните индивидуални досиеја. Дополнително, на нивно барање, надлежниот орган им дава копија од нивната лична евиденција при напуштање на надлежниот орган.

(в) Форматот на евиденцијата мора да се утврди во процедурите на надлежниот орган.

(г) Евиденцијата се чува на начин што гарантира заштита од оштетување, промена или кражба, а информациите се идентификуваат, доколку е потребно, во согласност со нивниот степен на тајност. Надлежниот орган гарантира дека записите се чуваат на начин кој обезбедува интегритет, автентичност и овластен пристап.

**IS.AR.235 Континуирано подобрување**

(а) Надлежниот орган ја проценува, користејќи соодветни индикатори за успешност, ефективност и зрелост на сопствената ISMS. Оваа проценка се спроведува врз основа на календарот што е однапред утврден од надлежниот орган или по инцидент поврзан со обезбедувањето на информациите.

(б) Доколку се утврдат недостатоци по извршената проценка во согласност со точката (а), надлежниот орган ги презема неопходните мерки за подобрување за да гарантира дека ISMS продолжува да ги исполнува важечките барања и ги одржува ризиците врз обезбедувањето на информациите на прифатливо ниво. Дополнително, надлежниот орган повторно ги проценува оние елементи на ISMS кои се засегнати од усвоените мерки.

_______

*АНЕКС II*

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ – БАРАЊА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

**[ДЕЛ-IS.I.OR]**

IS.I.OR.100 Поле на примена

IS.I.OR.200 План за управување со обезбедувањето на информациите (ISMS)

IS.I.OR.205 Проценка на ризик врз обезбедување на информациите

IS.I.OR.210 Справување со ризиците врз обезбедувањето на информациите

IS.I.OR.215 Внатрешен систем за известување за обезбедувањето на информациите

IS.I.OR.220 Инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите - откривање, одговор и обновување

IS.I.OR.225 Одговор на наодите пријавени од надлежниот орган

IS.I.OR.230 План за известување за надворешно обезбедување на информациите

IS.I.OR.235 Договорни активности за управување со обезбедувањето на информациите

IS.I.OR.240 Услови за персоналот

IS.I.OR.245 Водење евиденција

IS.I.OR.250 Прирачник за управување со обезбедувањето на информациите (ISSM)

IS.I.OR.255 Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите

IS.I.OR.260 Континуирано подобрување

**IS.I.OR.100 Поле на примена**

Во овој дел се утврдуваат барањата што мора да ги исполнуваат организациите од член 2(1) на оваа уредба.

**IS.I.OR.200 План за управување со обезбедувањето на информациите (ISMS)**

(a) Со цел да се постигнат целите дадени во член 1, организацијата поставува, имплементира и одржува план за управување со обезбедувањето на информациите (ISMS) со што гарантира дека организацијата:

(1) воспоставува политика за обезбедување на информации со што ги утврдува општите принципи на организацијата во однос на можното влијание на ризиците врз обезбедување на информациите во воздухопловната безбедност;

(2) идентификува и разгледува ризици врз обезбедувањето на информациите во согласност со точката IS.I.OR.205;

(3) дефинира и спроведува мерки за постапување со ризикот врз обезбедувањето на информациите во согласност со точка IS.I.OR.210;

(4) применува внатрешниот план за известување за обезбедување на информациите во согласност со точка IS.I.OR.215;

(5) во согласност со точката IS.I.OR.220 дефинира и спроведува мерките неопходни за откривање на настани поврзани со обезбедувањето на информациите,

идентификување на настани кои се сметаат за инциденти што можат да влијаат на воздухопловната безбедност, освен за оние што се дозволени според точката IS.I.OR.205 (д), и како одговор на тоа, и закрепнување од тие инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите;

(6) спроведување на мерките пријавени од надлежниот орган како непосредна реакција на инцидент или пропусти поврзани со обезбедувањето на информациите што влијаат врз воздухопловната безбедност;

(7) презема соодветни мерки во согласност со точката IS.I.OR.225 со цел да постапи во согласност со наодите пријавени од надлежниот орган;

(8) применува планот на надворешно известување во согласност со точката IS.I.OR.230 со цел да им овозможи на надлежните власти да преземат одговорност за своите постапки;

(9) исполнува барања од точката IS.I.OR.235 при доделување договори за какви било други активности кои се наведени во точката IS.I.OR.200 кон други организации;

(10) исполнува кадровските барања наведени во точка IS.I.OR.240;

(11) исполнува барања поврзани со водење на евиденција наведени во точка IS.I.OR.245;

(12) следи усогласеноста на организацијата со барањата од оваа регулатива и дава повратни информации за наодите до одговорниот менаџер а сè со цел обезбедување на ефикасно спроведување на корективните мерки;

(13) без да е во спротивност со важечките барања за известување, да ја заштити доверливоста на сите информации што ги добива организацијата од други организации, во согласност со нивното ниво на чувствителност.

(б) Сè со цел непречено исполнување на барањата од член 1, организацијата спроведува процес на континуирано подобрување согласно точката IS.I.OR.260.

(в) Организацијата, во согласност со точката IS.I.OR.250, ги документира сите клучни процеси, процедури, улоги и одговорности неопходни за усогласување со точката IS.I.OR.200(а) и воспоставува постапка за измена и дополнување на таа документација. Промените на овие процеси, процедури, улоги и одговорности се управуваат во согласност со точката IS.I.OR.255.

(г) Процесите, процедурите, улогите и одговорностите воспоставени од страна на организацијата, а сè со цел усогласување со IS.I.OR.200(а), се соодветни на природата и сложеноста на нејзините активности, врз основа на проценка на ризиците врз обезбедувањето на информациите својствени за тие активности, и може да се интегрираат во другите постоечки системи за управување кои организацијата веќе ги применува.

(д) Без да се доведува во прашање обврската за исполнување на барањата за известување кои се содржани во Регулативата (ЕУ) бр. 376/2014 и барањата од точка IS.I.OR.200(а)13, организацијата може да ѝ издаде овластување на надлежниот орган да не ги применува барањата од точките од (а) до (г) и сродните барања од точките од IS.I.OR.205 до IS.I.OR.260, доколку позитивно му докаже на тоа тело дека нејзините активности, капацитети и ресурси, како и услугите што ги обезбедува, дава, прима и одржува, не претставуваат никакви ризици врз обезбедувањето на информациите со можно влијание врз воздухопловната безбедност, ниту врз себе или пак ниту врз другите организации. Одобрувањето се заснова на документирана проценка на ризикот врз обезбедувањето на информациите спроведена

од страна на организацијата или трето лице во согласност со точката IS.I.OR.205 и е прегледана и одобрена од надлежниот орган.

Надлежниот орган ја разгледува континуираната важност на тоа одобрение по важечкиот циклус на безбедносен надзор и секогаш кога се спроведуваат промени во делокругот на операциите на организацијата.

**IS.I.OR.205 Проценка на ризик врз обезбедување на информациите**

(а) Организацијата е должна да ги идентификува сите нејзини елементи што би можеле да бидат изложени на ризици врз обезбедување на информациите. Тоа вклучува:

(1) активности, капацитети и ресурси на организацијата, како и услуги кои организацијата ги обезбедува, дава, прима или одржува;

(2) опрема, системи, податоци и информации што придонесуваат за функционирање на елементите наведени во точката (1).

(б) Организацијата мора да ги идентификува поврзувањата што ги има со други организации кои би можеле да доведат до взаемна изложеност на ризиците врз обезбедување на информациите.

(в) Во однос на елементите и поврзувањата наведени во точките (а) и (б), организацијата мора да ги идентификува ризиците врз обезбедување на информациите што би можеле да влијаат врз воздухопловната безбедност. За секој идентификуван ризик, организацијата е должна да:

(1) го одреди нивото на ризик во согласност со однапред дефинираната класификација утврдена од организацијата;

(2) го поврзе секој ризик и неговото ниво со соодветниот елемент или поврзаност идентификуван во согласност со точките (а) и (б).

Во однапред дефинираната класификација од точката (1) се зема предвид можноста за појава на сценарио за закана и сериозноста на нејзините последици по безбедноста. Врз основа на оваа класификација и земајќи предвид дали организацијата има структурирана и повторлива процедура за управување со ризик за операции, организацијата може да утврди дали ризикот е прифатлив или треба да се постапува со него во согласност со точката IS.I.OR.210.

Со цел да се олесни меѓусебната споредливост на проценките на ризикот, при определувањето на нивото на ризик во согласност со точката (1), се земаат предвид релевантните информации собрани во координација со организациите наведени во точката (б).

(г) Организацијата ја прегледува и ажурира проценката од ризикот спроведена во согласност со точките (а) и (б) како и зависно од примената, точките од (в) до (д) во која било од следниве ситуации:

(1) постои промена во елементите што се изложени на ризици врз обезбедување на информациите;

(2) постои промена во меѓусебната врска помеѓу организацијата и другите организации или во ризиците соопштени од други организации;

(3) постои промена во информациите или знаењата што се користат за идентификација, анализа и класификација на ризикот;

(4) постојат извлечени поуки врз основа на анализа на инцидентите поврзани со обезбедувањето на информациите.

(д) По пат на отстапување од точката (в), организациите кои мора да се усогласат со Поддел В од Анекс III (Дел-ATM/ANS.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 ја заменува анализата на влијанието врз воздухопловната безбедноста со анализа на влијанието врз сопствените услуги во согласност со проценката на безбедносната поддршка што се бара со точка ATM/ANS.OR.C.005. Оваа проценка за поддршка на безбедноста им е достапна на давателите на услуги за воздушниот сообраќај кои тие обезбедуваат услуги и на оние даватели на услуги за воздушен сообраќај што се одговорни за проверката на влијанието врз воздухопловната безбедноста.

**IS.I.OR.210 Справување со ризиците врз обезбедување на информациите**

(а) Организацијата подготвува мерки за елиминирање на неприфатливите ризици идентификувани во согласност со точката IS.I.OR.205, ги спроведува навремено и ја потврдува нивната континуирана ефективност. Овие мерки ѝ овозможуваат на организацијата да ги:

(1) контролира околностите што придонесуваат за вистинското појавување на сценариото за закана;

(2) ублажува последиците за воздухопловната безбедност поврзани со појавата на сценарио за закана;

(3) избегнува ризици.

Овие мерки не смеат да внесат нови неприфатливи ризици по воздухопловната безбедност.

(б) Лицето наведено во точка IS.I.OR.240 (а) и (б) и останатиот вклучен персонал од организацијата се информирани за исходот од проценката на ризикот спроведена во согласност со точка IS.I.OR.205, за соодветните сценарија за закана и за мерките што треба да се спроведат.

Организацијата ги информира и организациите со кои има соработка во согласност со точката IS.I.OR.205(б) за сите ризици што се заеднички и за двете организации.

**IS.I.OR.215 Внатрешен план за известување за обезбедувањето на информациите**

(а) Организацијата воспоставува внатрешен план за известување за собирање и проценка на настани поврзани со обезбедувањето на информациите, вклучувајќи ги и оние што треба да се пријават во согласност со точката IS.I.OR.230.

(б) Овој план и процедурата од точката IS.I.OR.220 ѝ овозможуваат на организацијата да:

(1) идентификува кои од настаните пријавени во согласност со точката (а) се сметаат за инциденти или пропусти поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат на воздухопловната безбедност;

(2) идентификува причините за инцидентите и пропустите поврзани со обезбедувањето на информациите идентификувани во согласност со точка (1), како и факторите што доведуваат до нивното настанување, и справување со нив во рамките на процесот на управување со ризик врз обезбедувањето на информациите во согласност со точките IS.I.OR.205 и IS.I.OR.220;

(3) гарантира проценка на сите познати и релевантни информации поврзани со инцидентите и пропустите поврзани со обезбедувањето на информациите и идентификувани во согласност со точка (1);

(4) гарантира примена на методот за внатрешна дистрибуција на информации по потреба.

(в) Секоја договорна организација која може да ја изложи организацијата на ризици врз обезбедувањето на информациите што би можеле да влијаат врз воздухопловната безбедност мора да пријави настани поврзани со обезбедувањето на информациите до организацијата. Овие извештаи се поднесуваат користејќи ги процедурите утврдени во посебни договорни аранжмани и се оценуваат во согласност со точката (б).

(г) Организацијата соработува во истрагите со која било друга организација која значително придонесува за обезбедувањето на информациите од нејзините сопствени активности.

(д) Организацијата може да го интегрира овој план за известување со другите планови за известување што веќе ги има имплементирано.

**IS.I.OR.220 Инциденти поврзани со обезбедувањето на информациите - откривање, одговор и обновување**

(а) Врз основа на резултатите од проценката на ризикот спроведена во согласност со точката IS.I.OR.205 и резултатите од управувањето со ризик спроведено во согласност со точката IS.I.OR.210, организацијата спроведува мерки за откривање на инциденти и пропусти што укажуваат на можната појава на неприфатливи ризици и што би можеле да влијаат врз воздухопловната безбедност. Овие мерки за откривање ѝ овозможуваат на организацијата да ги:

(1) идентификува отстапувањата од претходно утврдените основни вредности на перформансите;

(2) активира предупредувањата за примена на соодветни мерки за одговор, во случај на какво било отстапување.

(б) Организацијата имплементира мерки за одговор на сите состојби на настанот идентификувани во точката (а) што можат да придонесат или да придонеле да се појави инцидент поврзан со обезбедувањето на информациите. Овие мерки за одговор ѝ овозможуваат на организацијата да:

(1) иницира реакција на предупредувањата од точката (а)2 со активирање на однапред дефинирани ресурси и процедури;

(2) го ограничи ширење на нападот и избегнување на целосна реализација на сценариото за закана;

(3) контролира распоред на засегнатите елементи дефинирани во точката IS.I.OR.205(а).

(в) Организацијата спроведува мерки насочени кон закрепнување од инцидентите поврзани со обезбедувањето на информациите, вклучително и итни мерки, доколку е потребно. Овие мерки за закрепнување ѝ овозможуваат на организацијата да:

(1) отстрани или ограничи на прифатливо ниво услови што го предизвикале инцидентот;

(2) постигне безбедна состојба на засегнатите елементи дефинирани во точката IS.I.OR.205(а) во рамките на времето за закрепнување што претходно го определила организацијата.

**IS.I.OR.225 Одговор на наодите пријавени од надлежниот орган**

(а) По добивањето на известувањето за наодите доставено од надлежниот орган, организацијата:

(1) утврдува основна причина или основните причини за неусогласеноста и факторите што придонесуваат за тоа;

(2) утврдува план на корективни мерки;

(3) ја докажува исправката на неусогласеноста на начин прифатлив за надлежниот орган.

(б) Мерките наведени во точката (а) се спроведуваат во периодот договорен со надлежниот орган.

**IS.I.OR.230 План за известување за надворешно обезбедување на информациите**

(а) Организацијата применува систем за известување за обезбедување на информациите што е во согласност со барањата утврдени во Регулативата (ЕУ) бр. 376/2014 и нејзините делегирани и имплементирани акти, доколку таа регулатива е применлива за организацијата.

(б) Без да се доведуваат во прашање обврските од Регулативата (ЕУ) бр. 376/2014, организацијата гарантира дека секој инцидент или пропуст поврзан со обезбедувањето на информациите што може да претставува значителен ризик врз воздухопловната безбедност, е пријавен до надлежниот орган. Исто така:

(1) доколку таков инцидент или пропуст влијае врз воздухопловот или поврзаниот систем или составниот дел, организацијата, исто така, ова го пријавува и до подносителот на проект на одобрување;

(2) доколку таков инцидент или пропуст влијае врз системот или составниот дел што го користи организацијата, таа исто така ова го пријавува и до организацијата одговорна за проектирање на системот или составниот дел.

(в) Организацијата ја пријавува состојбата наведена во точката (б) на следниов начин:

(1) известувањето се доставува до надлежниот орган и, доколку е применливо, до подносителот на проект на одобрување или до организацијата одговорна за проектирање на системот или составниот дел веднаш штом организацијата ќе стане свесна за ситуацијата;

(2) извештајот се доставува до надлежниот орган и, доколку е применливо, до подносителот на проект на одобрување или до организацијата одговорна за проектирање на системот или составниот дел што е можно поскоро, но најдоцна во рок од 72 часа од моментот кога организацијата ќе дознае за ситуацијата, освен ако за тоа не ја спречат вонредни околности.

Извештајот се составува во форма утврдена од надлежниот орган и ги содржи сите релевантни информации за ситуацијата познати на организацијата;

(3) извештајот се доставува за понатамошните мерки до надлежниот орган и, доколку е применливо, до подносителот на проект на одобрување или до организација одговорна за проектот на системот или составниот дел, и содржи детали за мерките преземени или планирани да бидат преземени од страна организацијата за да закрепне од инцидентот и мерките што има намера да ги преземе за да спречи слични инциденти за обезбедување на информациите во иднина.

Извештајот за понатамошните мерки се поднесува веднаш штом ќе се утврдат овие мерки и се составува во форма што ја утврдува надлежниот орган.

**IS.I.OR.235 Договорни активности за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Организацијата гарантира дека при склучување договор за кој било дел од активностите од точката IS.I.OR.200 со други организации, договорените активности се во согласност со барањата на оваа регулатива и дека организацијата со која е склучен договорот работи под нејзин надзор. Организацијата гарантира соодветно управување со ризиците поврзани со договорените активности.

(б) Организацијата обезбедува дека надлежниот орган може, на барање, да има пристап до договорната организација со цел да се утврди континуираната усогласеност со важечките барања наведени во оваа регулатива.

**IS.I.OR.240 Услови за персоналот**

(а) Одговорниот менаџер на организацијата назначен во согласност со регулативите (ЕУ) бр. 1321/2014, (ЕУ) бр. 965/2012, (ЕУ) бр. 1178/2011, (ЕУ) 2015/340, Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 или Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/664, како што е наведено во член 2(1) од оваа регулатива, има корпоративно овластување да гарантира финансирање и спроведување на сите активности што се бараат со оваа регулатива. Таа личност мора да:

(1) гарантира достапност на сите потребни средства за исполнување на барањата од оваа регулатива;

(2) воспостави и да промовира политиката за обезбедување на информациите наведени во точка IS.I.OR.200(а)(1);

(3) покаже основно разбирање за оваа регулатива.

(б) Одговорниот менаџер назначува лице или група на лица за да гарантира дека организацијата ги исполнува барањата од оваа регулатива и го одредува опсегот на нивните овластувања. Ова лице или група на лица поднесува извештај директно до одговорниот менаџер и има соодветно знаење, образование и искуство за извршување на своите одговорности. Процедурите одредуваат кој заменува одредено лице во случај на негово долгогодишно отсуство.

(в) Одговорниот менаџер назначува лице или група на лица за управување со функцијата за следење на усогласеноста наведена во точка IS.I.OR.200(а)(12).

(г) Доколку организацијата споделува организациски структури, политики, процеси и процедури поврзани со обезбедувањето на информациите со други организации или области на активност од нејзината организација што не се дел од одобрението или декларацијата, одговорниот менаџер може да ги довери овие активности на заедничко одговорно лице.

Во таков случај, мерките за координација се воспоставуваат помеѓу одговорниот менаџер на организацијата и заедничкото одговорно лице со цел да се обезбеди соодветна интеграција на управувањето со обезбедувањето на информациите во рамките на организацијата.

(д) Одговорниот менаџер или заедничкото одговорно лице од точката (г), имаат законско овластување да ги воспостават и одржуваат организационите структури, политики, процеси и процедури неопходни за примена на точката IS.I.OR.200.

(ѓ) Организацијата мора да има воспоставена процедура за да гарантира дека има доволно персонал за извршување на активностите опфатени со овој анекс.

(е) Организацијата мора да има воспоставено процедура за да гарантира дека персоналот наведен во точката (ѓ) ја има потребната експертиза за извршување на своите задачи.

(ж) Организацијата мора да има воспоставена процедура за да гарантира дека персоналот е свесен за одговорностите поврзани со нивните доделени улоги и задачи.

(з) Организацијата гарантира дека идентитетот и доверливоста на персоналот кој има пристап до информатичките системи и податоците кои се предмет на барањата на оваа регулатива се соодветно утврдени.

**IS.I.OR.245 Водење евиденција**

(а) *Организацијата води евиденција за своите активности поврзани со управувањето со обезбедувањето на информациите*.

(1) Организацијата гарантира архивирање и следливост на следнава евиденција:

(i) сите добиени одобренија и сите поврзани проценки на ризикот врз обезбедување на информациите во согласност со точката IS.I.OR.200(д);

(ii) договори за активности од точката IS.I.OR.200(а)(9);

(iii) евиденција на клучните постапки од точката IS.I.OR.200(г);

(iv) евиденција за ризиците утврдени во проценката на ризикот од точка IS.I.OR.205 и соодветните мерки за справување со ризиците од точка IS.I.OR.210;

(v) евиденција за инциденти и пропусти поврзани со обезбедување на информациите пријавени во согласност со плановите за известување од точките IS.I.OR.215 и IS.I.OR.230;

(vi) евиденција за настани поврзани со обезбедување на информациите што можеби ќе треба да се преиспитаат за да се откријат неоткриени инциденти или пропусти поврзани со обезбедување на информациите.

(2) Евиденцијата наведена во точката (1)(i) се чува најмалку пет години откако одобрението ќе престане да важи.

(3) Евиденција од точката (1)(ii) се чува најмалку пет години по измената или раскинувањето на договорот.

(4) Евиденција од точката (1)(iii), (iv) и (v) се чува најмалку пет години.

(5) Евиденција од точка (1)(vi) се чува се додека овие настани поврзани со обезбедување на информациите не се повторно проценети во согласност со фреквенцијата дефинирана во постапката што е утврдена од страна на организацијата.

(б) *Организацијата води евиденција за квалификациите и искуството на сопствениот персонал вклучен во активностите за управување со обезбедувањето на информациите*.

(1) Евиденцијата за квалификациите и искуството на персоналот се чува се додека лицето работи во организацијата, а најмалку три години откако лицето ќе ја напушти организацијата.

(2) На членовите на персоналот, на нивно барање, им се дава пристап до нивните индивидуални досиеја. Дополнително, на нивно барање, организацијата им дава копија од нивната лична евиденција при напуштање на организацијата.

(в) Форматот на евиденцијата мора да се утврди во процедурите на организацијата.

(г) Евиденцијата се чува на начин што гарантира заштита од оштетување, промена или кражба, а информациите се идентификуваат, доколку е потребно, во согласност со нивниот степен на тајност. Организацијата гарантира дека записите се чуваат на начин кој обезбедува интегритет, автентичност и овластен пристап.

**IS.I.OR.250 Прирачник за управување со обезбедувањето на информациите (ISSM)**

(а) Организацијата му става на располагање на надлежниот орган прирачник за управување со обезбедување на информациите (ISMM) и, доколку е применливо, сите поврзани прирачници и референтни процедури, кои содржат:

(1) изјава потпишана од одговорниот менаџер со која се потврдува дека организацијата во секое време ќе постапува во согласност со овој анекс и ISMM. Доколку одговорниот менаџер не е главен извршен директор (CEO) на организацијата, тогаш главниот извршен директор ја потпишува изјавата;

(2) титула(-и), име(-иња), должност(-и), одговорност(-и) и овластување(-а) на лицето или лицата наведени во точката IS.I.OR.240(б) и (в);

(3) титулата, името, должностите, одговорностите и овластувањата на заеднички одговорното лице од точка IS.I.OR.240(г), доколку е применливо;

(4) политиката за обезбедување на информации на организацијата од точка IS.I.OR.200(a)(1);

(5) општ опис на бројот и категориите на персонал и воспоставениот систем за планирање на достапноста на персоналот како што е пропишано во точка IS.I.OR.240;

(6) титула(-и), име(-иња), должности, одговорности и овластувања на клучните лица одговорни за примената на точката IS.I.OR.200, вклучувајќи го и лицето или лицата одговорни за функцијата за следење на усогласеноста наведена во точка IS.I.OR.200(a)(12);

(7) организациона шема што ги прикажува поврзаните синџири на одговорност за лицата од точките (2) и (6);

(8) опис на планот за внатрешно известување од точка IS.I.OR.215;

(9) процедури за да се утврди како организацијата обезбедува усогласеност со овој дел, а особено:

(i) документацијата од точка IS.I.OR.200(в);

(ii) процедури со кои се дефинира како организацијата ги контролира сите договорени активности од точката IS.I.OR.200(a)(9);

(iii) процедура за измена на ISMM дефинирана во точката (в);

(10) листа на тековно одобрени алтернативни методи за усогласување.

(б) Првото издание на ISMM се одобрува, а еден примерок го задржува надлежниот орган. ISMM се изменува и дополнува зависно од потребата, а сè со цел описот на ISMS на организацијата да биде постојано ажуриран. Примерок од сите измени и дополнувања на

ISMM се доставува до надлежниот орган.

(в) Измените и дополнувањата на ISMM се управуваат во согласност со процедура утврдена од организацијата. Сите измени и дополнувања што не се опфатени со оваа процедура и измените и дополнувањата поврзани со промените наведени во точката IS.I.OR.255(б) се одобруваат од страна на надлежниот орган.

(г) Организацијата може да го интегрира ISMM со другите прирачници за управување или прирачници што ги складира, под услов да има јасна вкрстена референца која покажува кои делови од прирачникот за управување одговараат на различните барања содржани во овој анекс.

**IS.I.OR.255 Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Промените на ISMS може да се управуваат и да се известат надлежниот орган со спроведување на процедура развиена од организацијата. Оваа постапка ја одобрува надлежниот орган.

(б) Во однос на промените на ISMS кои не се опфатени со постапката наведена во точка (а), организацијата поднесува барање и добива одобрение издадено од надлежниот орган.

Во врска со овие промени:

(1) барањето се поднесува пред да се воведе каква било таква промена, така што надлежниот орган може да утврди континуирана усогласеност со оваа регулатива и, доколку е потребно, да го измени сертификатот на организацијата и придружните барања за одобрување приложени кон него;

(2) организацијата му ги става на располагање на надлежниот орган сите информации што ги бара со цел да се оцени промената;

(3) промената се спроведува само по добивањето официјално одобрение од надлежниот орган;

(4) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.

**IS.I.OR.260 Континуирано подобрување**

(а) Организацијата ја проценува, користејќи соодветни индикатори за успешност, ефективност и зрелост на ISMS. Оваа проценка се спроведува врз основа на календарот што е однапред утврден од организацијата или по инцидент поврзан со обезбедувањето на информациите.

(б) Доколку се утврдат недостатоци по извршената проценка во согласност со точката (а), организацијата ги презема неопходните мерки за подобрување за да гарантира дека ISMS продолжува да ги исполнува важечките барања и ги одржува ризиците врз обезбедувањето на информациите на прифатливо ниво. Дополнително, организацијата повторно ги проценува оние елементи на ISMS кои се засегнати од усвоените мерки.

*АНЕКС III*

Анексите VI (Дел-ARA) и VII (Дел-ORA) од Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) Анекс VI (Дел-ARA) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) во точката ARA.GEN.125, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.";

(б) се додава следнава точка ARA.GEN.135A по точката ARA.GEN.135:

„**ARA.GEN.135A Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката ARA.GEN.125(в) и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(в) во точката ARA.GEN.200, се додава следнава точка (д):

„(д) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(г) точката ARA.GEN.205 се изменува и дополнува како што следува:

(i) Насловот се заменува со следново:

„**ARA.GEN.205 Доделување на задачи**“;

(ii) Се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точката ORA.GEN.200A, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката ARA.GEN.200(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(д) во точката ARA.GEN.300, се додава следнава точка (е):

„(е) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка ORA.GEN.200A, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (ѓ), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(ѓ) се додава следнава точка ARA.GEN.330A по точката ARA.GEN.300:

„**ARA.GEN.330A Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.I.OR.255(а) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2023/203, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката ARA.GEN.300. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката ARA.GEN.350.

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за

одобрување во согласност со точката IS.OR.255(б) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“;

(2) Анекс VII (Дел-ORA) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

Следнава точка ORA.GEN.200A се додава по точката ORA.GEN.200:

**„ORA.GEN.200A Систем за управување со обезбедувањето на информациите**

Покрај системот за управување кој се спомнува во точката ORO.GEN.200, организацијата воспостава, имплементира и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“

-------

*АНЕКС IV*

Анекс I (Дел 21) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) Содржината се изменува и дополнува како што следува:

(а) следниов наслов се додава по насловот 21.В.20:

„21.В.20А Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста“;

(б) наслов од точката 21.В.30 се заменува како што следува:

„21.В.30 Доделување на задачи“;

(в) следниов наслов се додава по насловот 21.В.240:

„21.В.240А Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите“;

(г) следниов наслов се додава по насловот 21.В.435:

„21.В.435А Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите“;

(2) во точката 21.В.15, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.";

(3) се додава следнава точка 21.В.20А по точката 21.В.20:

„**21.В.20А Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката 21.В.15(в) и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или

ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(4) во точката 21.B.25, се додава следнава точка (д):

„(д) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(5) точката 21.B.30 се изменува и дополнува како што следува:

(а) насловот се заменува со следново:

„**21.B.30 Доделување на задачи**“;

(б) се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точките 21.A.139A и 21.A.239A, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката 21.B.25(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(6) во точката 21.B.221, се додава следнава точка (е):

„(е) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка 21.A.139A, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (ѓ), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(7) се додава следнава точка 21.B.240A по точката 21.B.240:

„**21.B.240A Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.D.OR.255(а) од Анекс (Дел-IS.I.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката 21.B.221. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката 21.B.225.

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.D.OR.255(б) од Анекс II (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“;

(8) во точката 21.B.431, се додава следнава точка (г):

„(г) За издавање на уверение за работа и надзор на усогласеноста на организацијата со точка 21.A.239A, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките (а) до (в), мора да ги почитува следните принципи:

(1) надлежниот орган мора да ги прегледа меѓусебните врски и поврзаните ризици идентификувани во согласност со точката IS.D.OR.205(б) од Анексот (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645 од секоја организација која е предмет на негов надзор;

(2) доколку се идентификуваат отстапувања во заедничките меѓусебни врски и поврзаните ризици идентификувани од различни организации, надлежниот орган мора да ги разгледа со засегнатите организации и, доколку е потребно, да прикаже соодветни наоди за да обезбеди спроведување на корективни мерки;

(3) ако во документацијата што се прегледува во согласност со точката (2) се откриени значителни ризици поврзани со меѓусебните врски со организации кои подлежат на надзор на друг надлежен орган во истата земја-членка, соодветниот надлежен орган мора да биде информиран за тоа.“;

(9) се додава следнава точка 21.B.435A по точката 21.B.435:

„**21.B.435A Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.D.OR.255(а) од Анекс (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката 21.B.431. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката 21.B.433.

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.D.OR.255(б) од Анекс II (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“;

-------

*АНЕКС V*

Анексите II (Дел-ARO) и III (Дел-ORO) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) Анекс II (Дел-ARO) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) во точката ARO.GEN.125, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.";

(б) се додава следнава точка ARO.GEN.135A по точката ARO.GEN.135:

„**ARO.GEN.135A Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката ARO.GEN.125(в) и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(в) во точката ARO.GEN.200, се додава следнава точка (д):

„(д) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од

Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(г) точката ARO.GEN.205 се изменува и дополнува како што следува:

(i) Насловот се заменува со следново:

„**ARO.GEN.205 Доделување на задачи**“;

(ii) Се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точката ORO.GEN.200A, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката ARO.GEN.200(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(д) во точката ARA.GEN.300, се додава следнава точка (е):

„(е) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка ORO.GEN.200A, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (ѓ), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(ѓ) се додава следнава точка ARO.GEN.330A по точката ARO.GEN.300

„**ARO.GEN.330A Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) За промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.I.OR.255(а) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2023/203, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката ARO.GEN.300. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката ARO.GEN.350.

(б) За останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.OR.255(б) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“

(2) Анекс VII (Дел-ORO) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

Следнава точка ORO.GEN.200A се додава по точката ORO.GEN.200:

**„ORO.GEN.200A Систем за управување со обезбедувањето на информациите**

Покрај системот за управување кој се спомнува во точката ORO.GEN.200, организацијата воспостава, имплементира и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

с

-------

*АНЕКС VI*

Анекс II (Дел-ADR.AR) од Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) во точката ADR.AR.A.025, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645.";

(2) се додава следнава точка ADR.AR.A.030A по точката ADR.AR.A.030:

„**ADR.AR.A.030A Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката ADR.AR.A.025(в) и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(3) во точката ADR.AR.B.005, се додава следнава точка (г):

„(г) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат

врз воздухопловната безбедност.“;

(4) точката ADR.AR.B.010 се изменува и дополнува како што следува:

(i) Насловот се заменува со следново:

„**ADR.AR.B.010 Доделување на задачи**“;

(ii) Се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точката ADR.OR.D.005A, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката ADR.AR.B.005(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(5) во точката ADR.AR.C.005, се додава следнава точка (ѓ):

„(ѓ) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка ADR.OR.D.005A, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (д), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(ѓ) се додава следнава точка ADR.AR.C.040A по точката ADR.AR.C.040

„**ADR.AR.C.040A Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.D.OR.255(а) од Анекс II (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката ARA.GEN.300. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката ADR.AR.C.055.

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.D.OR.255(б) од Анекс II (Дел-IS.D.OR) од Делегираната регулатива (ЕУ) 2022/1645:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“

-------

*АНЕКС VII*

Анексите II (Дел-145), III (Дел-66) и Vв (Дел-CAMO) од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) Анекс II (Дел-145) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) Содржината се изменува и дополнува како што следува:

(i) следниов наслов се додава по насловот 145.А.200:

„145.А.200А Системот за управување со обезбедувањето на информациите “

(ii) следниов наслов се додава по насловот 145.В.135:

„145.В.135А Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста“;

(iii) наслов од точката 145.В.205 се заменува како што следува:

„145.В.205 Доделување на задачи“;

(iv) следниов наслов се додава по насловот 145.В.205:

„145.В.205А Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите“;

(б) следнава точка 145.А.200А се додава по точката 145.А.200:

„145.А.200А **Систем за управување со обезбедувањето на информациите**

Покрај системот за управување кој се спомнува во точката 145.А.200, организацијата воспостава, имплементира и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(в) во точката 145.В.125, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.";

(г) се додава следнава точка 145.В.135А по точката 145.В.135:

„145.В.135А **Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи

одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката 145.В.125(в) и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(д) во точката 145.В.200, се додава следнава точка (д):

„(д) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(ѓ) точката 145.В.205 се изменува и дополнува како што следува:

(i) Насловот се заменува со следново:

„145.В.205 **Доделување на задачи**“;

(ii) Се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точката 145.А.200А, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер

обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката 145.В.200(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(е) во точката 145.В.300, се додава следнава точка (е):

„(е) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка 145.А.200А, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (ѓ), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(ж) се додава следнава точка 145.В.330А по 145.В.330:

„145.В.330А **Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.I.OR.255(а) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2023/203, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката 145.В.300. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката 145.В.350.

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.OR.255.(б) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“

(2) Анекс III (Дел-66) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) во Содржината се додава следниов насловот 66.В.10:

„66.В.15 Системот за управување со обезбедувањето на информациите “

(б) следнава точка 66.В.15 се додава по точката 66.В.10:

„66.В.15 **Систем за управување со обезбедувањето на информациите**

Надлежниот орган воспостава, имплементира и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) od Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(3) Анекс Vв (Дел-САМО) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) Содржината се изменува и дополнува како што следува:

(i) следниов наслов се додава по насловот САМО.А.200:

„САМО.А.200А Системот за управување со обезбедувањето на информациите “

(ii) следниов наслов се додава по насловот САМО.В.135:

„САМО.В.135А Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста“;

(iii) наслов од точката САМО.В.205 се заменува како што следува:

„САМО.В.205 Доделување на задачи“;

(iv) следниов наслов се додава по насловот САМО.В.330:

„САМО.В.330А Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите“;

(б) следнава точка САМО.А.200А се додава по точката САМО.А.200:

„САМО.А.200А **Систем за управување со обезбедувањето на информациите**

Покрај системот за управување кој се спомнува во точката САМО.А.200, организацијата воспостава, имплементира и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(в) во точката САМО.В.125, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ)

2023/203.";

(г) се додава следнава точка САМО.В.135А по точката 145.В.135:

„САМО.В.135А **Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката САМО.В.125(в) и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(д) во точката САМО.В.200, се додава следнава точка (д):

„(д) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(ѓ) точката CAMO.B.205 се изменува и дополнува како што следува:

(i) насловот се заменува со следново:

„CAMO.B.205 **Доделување на задачи**“;

(ii) се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точката CAMO.A.200A, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката CAMO.B.200(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(е) во точката CAMO.B.300, се додава следнава точка (е):

„(е) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка CAMO.A.200A, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (ѓ), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(ж) се додава следнава точка CAMO.B.330A по CAMO.B.300

„CAMO.B.330A **Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.I.OR.255(a) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2023/203, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката CAMO.B.300. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката CAMO.B.350

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.OR.255.(б) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“

------

*АНЕКС VIII*

Анексите II (Дел ATCO.AR) и III (Дел ATCO.AR) од Регулативата (ЕУ) бр. 2015/340 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) Анекс II (Дел ATCO.AR) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) во точката ATCO.AR.A.020, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.";

(б) се додава следнава точка ATCO.AR.A.025A по точката ATCO.AR.A.025:

„**ATCO.AR.A.025A Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката ATCO.AR.A.020 и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(в) во точката ATCO.AR.B.001, се додава следнава точка (д):

„(д) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно

управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(г) точката ATCO.AR.B.005 се изменува и дополнува како што следува:

(i) Насловот се заменува со следново:

„**ATCO.AR.B.005 Доделување на задачи**“;

(ii) Се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точката ATCO.AR.C.001A, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката ATCO.AR.B.200(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(д) во точката ATCO.AR.C.001, се додава следнава точка (ѓ):

„(ѓ) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка ATCO.AR.C.001A, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (ѓ), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(ѓ) се додава следнава точка ATCO.AR.E.010A по точката ATCO.AR.E.010:

„**ATCO.AR.E.010A Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.I.OR.255(а) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2023/203, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката ATCO.AR.C.001. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката ATCO.AR.C.001.

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.I.OR.255.(б) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“

(2) Анекс III (Дел ATCO.OR) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

Следнава точка ATCO.OR.C.001A се додава по точката ATCO.OR.C.001:

**„ATCO.OR.C.001A Систем за управување со обезбедувањето на информациите**

Покрај системот за управување кој се спомнува во точката ATCO.OR.C.001, организацијата за обука воспостава, имплементира и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“

-------

*АНЕКС IX*

Анексите II (Дел-ATM/ANS.AR) и III (Дел-ATM/ANS.OR) од Регулативата (ЕУ) бр. 2017/373 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) Анекс II (Дел- ATM/ANS.AR) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) во точката ATM/ANS.AR.020, се додава следнава точка (в):

„(в) Надлежниот орган на земјата-членка ја информира Агенцијата, што е можно поскоро, за информациите што се од важност за безбедноста, а што произлегуваат од извештајот за обезбедување на информациите, добиен во согласност со точката IS.I.OR.230 од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203.";

(б) се додава следнава точка ATM/ANS.AR.A.025A по точката ATM/ANS.AR.A.025:

„**ATM/ANS.AR.A.025A Непосредна реакција на инцидент или ранливост поврзани со обезбедувањето на информациите што влијание врз воздухопловната безбедноста**

(а) Надлежниот орган воспоставува систем со цел соодветно собирање, анализирање и ширење на информациите за инциденти и ранливоста поврзани со обезбедувањето на информациите што можат да влијаат врз воздухопловната безбедноста и што се пријавени од страна на организациите. Ова се спроведува во координација со останатите релевантни органи одговорни за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедувањето во склопот на земјата-членка, а сè со цел да се подобри координацијата и усогласеноста на системот за известување.

(б) Агенцијата воспоставува систем за соодветна анализа на сите релевантни безбедносни информации што ги добива во согласност со точката ATM/ANS.AR.A.020(в) и без непотребно одложување ги доставува сите информации до земјите-членки и до Комисијата, вклучувајќи препораки или корективни мерки што треба да се преземат, неопходни за навремен одговор на инцидент или ранливост поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста и вклучува производи, делови, немонтирана опрема, лица или организации кои се предмет на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување.

(в) По добивањето на информациите наведени во точките (а) и (б), надлежниот орган презема соодветни мерки за да се справи со можното влијание врз инцидент или ранливоста поврзан со обезбедувањето на информациите што може да влијае врз воздухопловната безбедноста.

(г) Мерките преземени во согласност со точката (в) веднаш ќе бидат дистрибуирани до сите лица или организации кои мора да постапат во согласност со овие мерки врз основа на Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и нејзините делегирани акти и акти за спроведување. Надлежниот орган на земјата-членка, исто така, ја информира Агенцијата за овие мерки и, доколку е неопходно заедничко делување, и надлежните органи на другите засегнати земји-членки.“;

(в) во точката ATM/ANS.AR.B.001, се додава следнава точка (д):

„(д) Покрај барањата од точката (а) системот за управување воспоставен и одржуван од надлежниот орган мора да биде во согласност со Анекс I (Дел-IS.AR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно

управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“;

(г) точката ATM/ANS.AR.B.005 се изменува и дополнува како што следува:

(i) Насловот се заменува со следново:

„**ATM/ANS.AR.B.005 Доделување на задачи**“;

(ii) Се додава следнава точка (в):

„(в) Во врска со издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точката ATM/ANS.AR.B.005А, надлежниот орган може да додели задачи на квалификувани субјекти во согласност со точка (а) или на кој било релевантен орган одговорен за обезбедувањето на информациите или сајбер обезбедување во земјата-членка. При доделувањето на задачи, надлежниот орган гарантира дека:

(1) квалификуван субјект или релевантен орган ги координира и ги зема предвид сите аспекти поврзани со воздухопловната безбедноста;

(2) резултатите од активностите за издавање на уверение за работа и надзор извршени од квалификуван субјект или релевантно тело се вклучени во општите досиеја за издавање на уверение за работа и надзор на организацијата;

(3) неговиот сопствен систем за управување со обезбедувањето на информациите воспоставен во согласност со точката ATM/ANS.AR.B.001(д) ги покрива сите задачи за издавање на уверение за работа и континуирано следење извршени во негово име.“;

(д) во точката ATM/ANS.AR.C.010, се додава следнава точка (ѓ):

„(ѓ) Во врска издавањето на уверение за работа и следењето на усогласеноста на организацијата со точка ATM/ANS.AR.B.005А, надлежниот орган, покрај усогласеноста со точките од (а) до (в), ги разгледа сите одобренија издадени врз основа на точка IS.I.OR.200(д) од оваа регулатива или точка IS.D.OR.200(д) од Делегирана регулатива (ЕУ) 2022/1645 по важечкиот циклус за безбедносен надзор и секогаш кога ќе се спроведат промени во делокругот на работата на организацијата.“;

(ѓ) се додава следнава точка ATM/ANS.AR.C.025А по точката ATM/ANS.AR.C.025:

„**ATM/ANS.AR.C.025А Промени во системот за управување со обезбедувањето на информациите**

(а) Во врска со промените со кои се управува и се известува надлежниот орган согласно процедурата од точка IS.I.OR.255(а) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2023/203, надлежниот орган го вклучува прегледот на овие промени во својот континуиран надзор во согласност со принципите утврдени во точката ATM/ANS.AR.C.010. Доколку се утврди каква било неусогласеност, надлежниот орган ја известува организацијата, бара дополнителни промени и продолжува во согласност со точката ATM/ANS.AR.C.050.

(б) Во однос на останатите промени за кои е потребно поднесување на барање за одобрување во согласност со точката IS.OR.255(б) од Анекс II (Дел-IS.I.OR) од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203:

(1) по приемот на барањето за промена, надлежниот орган ја потврдува усогласеноста на организацијата со важечките барања пред да издаде одобрение;

(2) надлежниот орган ги определува условите под кои организацијата може да работи при спроведувањето на промената;

(3) организацијата мора да постапува во согласност со барањата пропишани од надлежниот орган при спроведувањето на таквите измени.“

(2) Анекс III (Дел- ATM/ANS.OR) се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(а) Следнава точка ATM/ANS.OR.B.005A се додава по точката ATM/ANS.OR.B.005:

**„ATM/ANS.OR.B.005A Систем за управување со обезбедувањето на информациите**

Покрај системот за управување кој се спомнува во точката ATM/ANS.OR.B.005, организацијата за обука воспостава, имплементира и одржува систем за управување со обезбедувањето на информациите во согласност со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/203 за да се гарантира правилно управување со информациите за ризиците по безбедноста што можат да влијаат врз воздухопловната безбедност.“

(б) точката ATM/ANS.OR.D.010 се заменува како што следува:

„**ATM/ANS.OR.D.010 Управување со обезбедувањето**

(а) Давателите на услуги во воздухопловната навигација и управување со протокот на воздушниот сообраќај и управителот на мрежата како составен дел од својот систем за управување во согласност со точка ATM/ANS.OR.B.005, воспоставуваат систем за управување со обезбедувањето за да се осигура:

(1) заштита на нивните објекти, опремата и персоналот за да се спречи незаконско мешање во давањето на услугите;

(2) заштита на оперативни податоци кои се добиваат или произведуваат или користат, така што пристапот до тие податоци е ограничен на оние што се овластени за таа намена.

(б) Во рамките на системот за управување со обезбедувањето се утврдуваат:

(1) процесите и постапките кои се однесуваат на проценката и ублажувањето на ризикот во однос на обезбедувањето, следењето и подобрувањето на обезбедувањето, ревизија на обезбедувањето и ширење на нови знаења;

(2) средства за идентификување, надзор и откривање на нарушувањата на обезбедувањето и за алармирање на персоналот со соодветни сигнали за предупредување;

(3) средствата за отстранување на последиците од нарушување на заштитата и утврдување на постапките за повторно враќање во функција и постапките за ублажување, со цел да се спречи повторување на ситуацијата.

(в) Даватели на услуги во воздухопловната навигација и управување со протокот на воздушниот сообраќај и управителот на мрежата да се осигураат дека нивните вработени имаат поминато безбедносна проверка, доколку е соодветно, соработува со релевантните државни и воени власти за да се обезбеди заштита на нивните технички ресурси и објекти, персоналот и податоците.

(г) Аспектите поврзани со обезбедувањето на информациите се управуваат согласно токата

ATM/ANS.OR.B.005A.“

-------